NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 04-3251/1
10.09 20 26 год.-viti

# ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА - СКОПЈЕ
# NP RRUGË DHE RRUGICA - SHKUP

Адреса: / Adresë: Ул. Коле Неделковски бр. 38 Rr. Kole Nedelkovski nr. 38 www.uip.gov.mk

Врз основа на член 31 од Статутот на ЈП Улици и патишта – Скопје, а во врска со член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25) и член 22 став 1 алинеа 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), в.д. Директорот на ЈП Улици и патишта – Скопје, донесе:

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потреба од пополнување на работно место преку склучување на договор за вработување на определено време на 17 (седумнаесет) извршители преку склучување на договор за вработување на определено работно време поради привремено зголемен обем на работа до 31.12.2026 месеци**

**I.** Се утврдува потреба од пополнување на работно место со склучување договор за вработување на определено време, до 31.12.2026 година, поради привремено зголемен обем на работа, за следниве работни места:

1. **Самостоен референт за јавни набавки,** шифра **КДР0102Г01004** во САМОСТОЈНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, **1 (еден) извршител.**
2. **Соработник во одделение,** шифра **КДР0305Б01138** во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ, **1 (еден) извршител.**
3. **Работник КВ,** шифра **КДР0305В01012** во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ, **2 (два) извршители.**
4. **Помошен работник - ПК Работник,** шифра **КДР0305В02029** во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ, **1 (еден) извршител.**
5. **НК Работник,** шифра **КДР0305В02034** во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, СЕКТОР ОДРЖУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНИЦИ, **1 (еден) извршител.**
6. **Помошник електричар за семафорски инсталации,** шифра **КДР0401А02029** во Оддел за надворешно одржување, Одделение за светлосна сообраќајна сигнализација, СЕКТОР СООБРАЌАЈ, **1 (еден) извршител.**

7. **Техничар во одделение за откривање и поправка на дефекти**, шифра **КДР0305Б04021**, во Оддел за внатрешно одржување, Одделение за светлосна сообраќајна сигнализација, СЕКТОР СООБРАЌАЈ, **1 (еден) извршител.**
8. **Техничар по техничка евиденција, калкулации и пресметки,** шифра **КДР0305Б04005** во Одделение за техничка подготовка, СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА И РАЗВОЈ, **1 (еден) извршител.**
9. **Помлад соработник за координација и организација**, шифра **КДР0102В04033** во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
10. **Хигиеничар**, шифра **КДР0401А03005** во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
11. **Референт за професионална одговорност**, шифра **КДР0102Г02041**, во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
12. **Работник за обезбедување на имот и лица,** шифра **КДР0402А02007** во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
13. **Чувар - патрола,** шифра **КДР0402А03007** во Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, **1 (еден) извршител.**
14. **Раководител на одделение за финансии**, шифра **КДР0102Б04055** во Одделение за финансии, Сектор за финансиско работење, **1 (еден) извршител.**
15. **Виш соработник за план и анализа,** шифра **КДР0102В02032** во Одделение за финансии, Сектор за финансиско работење, **1 (еден) извршител.**
16. **Виш референт за пресметка на плати**, шифра **КДР0102Г02011** во Одделение за финансии, Сектор за финансиско работење, **1 (еден) извршител.**

**II.** Јавниот оглас за вработување преку склучување на договор за вработување на определено време да се објави во најмалку три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македноскиот јазик.

Времетраењето на јавниот оглас е 3(три) работни дена, сметано од денот на неговото објавување во дневните весници.

За реализирањето на Одлуката се задолжува одделението за управување со човечки ресурси.

**III.**Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА - СКОПЈЕ
NP RRUGË DHE RRUGICA - SHKUP
Адреса: / Adresë: Ул. Коле Неделковски бр. 38 Rr. Kole Nedelkovski nr. 38 www.ulp.gov.mk

**Образложение:**

Поради привремено зголемен обем на работа во повеќе организациони единици на ЈП „Улици и патишта" – Скопје, како резултат на зголемениот обем на работни, оперативни, административни, технички и други активности поврзани со тековното и непречено функционирање на претпријатието, се јави потреба од ангажирање дополнителни извршители на работните места наведени во точка 1 од оваа Одлука.

Зголемениот обем на работа, особено во делот на одржувањето, изградбата и реконструкцијата на сообраќајниците, одржувањето на светлосната сообраќајна сигнализација, техничката подготовка, јавните набавки, финансиското работење, како и општите, правните и административните работи, наметнува потреба од обезбедување дополнителни човечки ресурси заради навремено, ефикасно и непречено извршување на работните задачи.

Со цел навремено и ефикасно извршување на работните задачи од делокругот на наведените организациони единици, обезбедување континуитет во работењето и непречено реализирање на тековните активности на претпријатието, ЈП „Улици и патишта" – Скопје има потреба **од вработување на вкупно 17 (седумнаесет) извршители на определено време**.

Вработувањето се врши на определено време поради привремено зголемен обем на работа, до 31.12.2026 година, во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работни односи и другите важечки прописи.

Изготвил:
Бобан Ц...
Контролирал:
Марина Давчеаска

в.д. Директор
**Борис Настов**